вистички и проврховистички раководители на ВМРО. Ваквото организирано спротивставување било дотолку можно што и турските владеачи при спроведувањето на разоружувачката акција и мухаџирството, се држеле нединсвествени, што најарно се потврдило на примерот од источна Македонија.

Сепак, овој успех на Јане Сандански не можел да го скршне општиот тек на ситуацијата, кој водел кон катастрофа и конечно довел до Балканските војни. Неговиот успех бил делумен и територијално се ограничил само врз Серскиот и Драмскиот санџак од Македонија. Тоа претставувало само успешна самозаштита од дополнителните турски самоволија и беззаконија. Од не мало значење за неговото постигање бил и фактот што Јане Сандански докрај останал доследен врз позициите за заеднички опстанок на македонскиот со турскиот национален елемент, а што се наложувало поради огромните надворешни опасности за македонскиот народ. Сите потрезвени турски владеачи биле принудени да водат строга сметка за лојалноста на Јане Сандански, која била искрена и постојана.

Да одбележиме уште дека зачуваното оружје Јане Сандански го искористил во текот на Првата балканска војна, кога таа покрај и против неговата волја му се наложила на македонскиот народ. Во војната тој постигнал крупни војнички успеси во заднината на турската војска во Серскиот округ и придонел многу за победата на сојузничкото оружје над турското.

*К. Пенушлиски*

## НАРОДНА ПОЕТСКА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА ЗА ЗАГИНУВАЊЕТО НА ДАМЕ ГРУЕВ

### I.

Во мојата статија *Непозната песна за Гоце Делчев* (*Современост*, бр. 1, јануари 1964, стр. 68—76), покрај некои општи податоци за животот на револуционерната народна поезија во Малешево патем спомнав и неколку револуционерни песни: *Низ Петлец идат трима војводи* (за загинувањето на Даме Груев), *Оздола иде Петре Китанов*, *Кумита пита, распита* и *Излегол Јане Сандански.*

Како што е познато, на 23 декември 1906 година, во нерамна борба со турскиот аскер Даме Груев загинал на врвот Петлец, што се издига над малешевското село Русиново. Тој ден загинале уште неколцина негови блиски соборци: војводите Сандо Китанов и Атанас Карчев и неколку четници.

Само по себе се разбира дека во борбеното и револуционерно Малешево овој трагичен настан во кој го изгубил својот живот големиот револуционер и борец за слободата на Македонија, тогашниот водач на ВМРО Даме Груев со уште двајца војводи, морал болно да се докосне до срцата на малешевците, кои многу активно учествувале во организираната борба против турското ропство. Тешката несреќа на целиот македонски народ малешевците први ја почувствувале и таа им била дотолку поболна што се случила во нивниот крај. И како што тоа обично станува надарените народни пеачи

започнале да создаваат песни за смртта на Даме Груев и за неговите другари, веројатно непосредно по самиот настан, онака како што биле создавани песни и за други водачи и настани од вековната борба на македонскиот народ за слобода. Ние денес можеме само да жалиме што песните за загинувањето на Даме Груев, Сандо Китанов и Атанас Карчев, со кои народот на соодветен начин ја интерпретирал големата загуба и веројатно ги објаснувал приликите и причините што довеле до неа, не биле забележени набргу по настанот или барем во првата деценија по настанот. По таков начин, ми се чини, ќе можеше поточно да се утврди како народот реагирал на овој настан и во какви рамки било поставено загинувањето на Даме, двајцата војводи и четниците. Тогаш веројатно имало повеќе песни и поразновидни. Денешните песни, што ги забележивме ние, со текот на времето можеби претрпеле промени. Несомнено е дека шеесетте години од одигрувањето на овој настан доста повлијаеле тој да избледнее од сеќавањето на малешевците. Факт е: само постарите генерации денес знаат по нешто да кажат за самиот настан. Од нив се забележени и песните.

Сигурно е дека и двете споменати песни: *Низ Петлец идат трима војводи* и *Оздола иде Петре Китанов* (и нивните неколку варијанти) биле создадени како непосреден одглас на трагичниот 23 декември. Испеани во духот на малешевската поетска традиција, овие песни го немаат оној исклучителен поетско-епски замав, што е толку карактеристичен за неа. Како што ќе можеме да видиме, во овие песни доста верно се интерпретира самиот настан и една епизода од посетата на Петре Китанов на гробот на неговиот загинат брат. Овие песни се и показ дека поновите борбени македонски народни песни за историски личности и настани, барем во својот почеток, кога се создаваат непосредно по настанот и на територијата каде што тој се одиграл, често се без секаква идеализација. Одделни елементи за идеализирање на настанот или личноста веројатно се внесени подоцна и од помладите генерации, оние што песните ги прифатиле од постарите генерации.

## II.

За загинувањето на Даме Груев нема многу објавени историски податоци, иако за негова смрт се пишувало доста. Оттука, забележената народна песна *Низ Петлец идат трима војводи* има голема историска вредност. Бидејќи за загинувањето на Даме Груев и неговите соборци не се уште објавени сеќавањата од непосредни сведоци, оваа песна секако може да послужи како дополна на она што веќе е познато од разни извори.

Описите на загинувањето на Даме Груев кај Петар М. Скопаков и Јордан Бадев изгледа дека се најблиски до вистината, што никогаш точно не била утврдена. Иако и двајцата не ги посочиле изворите на своите описи, веројатно е дека тие се базираат на собрани податоци и сеќавања, па затоа се разликуваат во некои детали.

Описот на Скопаков *Последниот час на Даме* (стр. 38—40) во неговата спомен книшка *Светлиот образ на Даме Груев* (Софија 1942) изгледа дека е поверен приказ на приликите и опстановката на загинувањето на Даме Груев и неговите другари. Неговиот опис повеќе се поклопува и со песната *Низ*

*Петлец идат трима војводи*, како и со резултатите од моите иследувања во овој правец кај постарите луѓе во Русиново. Сепак, сегашните раскажувања и сеќавања можат да бидат резултат на влијанието на народната поетска традиција, како што може да биде и обратно.

Според Скопаков, на 22 декември 1906 година во Русиново пристигнал Даме Груев, придружен од малешевскиот околиски војвода Сандо Китанов од с. Лешко (горноџумајско) и четници. Селскиот војвода Иван Белчев ги сместил во куќата на Димитар Р. Алаѓозов, иако овој ги информирал четниците дека идниот ден во неговата куќа ќе дошле Турци од Пехчево. Овој приговор на Алаѓозов не бил прифатен и четниците се расположиле во куќата, та дури не поставиле ни внатрешна стража. Некои си ги отпашале и патрондашите. Во ваква положба ги затекнале двајцата Турци што дошле од Пехчево, зашто и Белчев не сторил ништо за обезбедување на околиската чета. Двата Турчина успеале да се вратат назад и да залегнат на западниот агол на куќата. Оттука тие започнале да стрелаат врз четниците, кога овие се обиделе да се симнат по скалите, бидејќи и тие ги забележиле Турците. Така започнала борбата. Веќе при слегувањето Даме бил ранет во бутината на десната нога.

На Турците им дошле во помош други два Турчина, потем и војска од селото Владимирово. Прва жртва бил четникот Георги П. Стојанов, кога се префрлувал преку оградата во близината на куќата на Алаѓозов. Сандо Китанов загинал надвор од селото: го пристигнал куршум во главата.Даме Груев, Карчев и куририот Глигор М. Крапев успеале да се извлечат од селото незабележани до југоисточната падина на врвот Петлец, во месноста „Ваљмото" при белите камења. Крвта од раната на Даме оставила траги на снегот. Тука ги пристигнала друга војска, што доаѓала од Безгашчево, потем и војската од Берово. Започнала борба и во неа Даме и Карчев ја нашле својата херојска смрт.

Скопаков натаму бележи дека Турците наредиле убиените четници да се закопаат и селаните од Русиново ги погребале Даме Груев, Сандо Китанов и Карчев во еден гроб кај русиновската црква. На последниот ден на Коледе телата на загинатите биле откопани од турските власти и фотографирани (фотограф Гаврил Зограф од Берово).

Во својата книга *Даме Груев. Живот и дело*, Јордан Бадев во поглавјето *Смртта на апостолот водач*, на следниов начин го опишува загинувањето (стр. 161—162): „Тука, во Русиново (беровско), Груев претстојува заедно со мала придружба четници, меѓу кои бил фанатично предани от му и умен Сандо Китанов и верниот и јуначен Атанас Карчев. . . Тој отседнал во куќата на верниот член на организацијата Димитар Алаџозов. По некакво предавство, што ни до денес не е установено, турската власт му ги пронашла трагите и во рано празнично утро на 10/23 декември во селото од неколку страни јурнал аскер. Едниот дел се насочил право кон куќата на Алаѓозов. Од првите пушки паднале отепани стопанот на куќата и двајца четници. Другите, заедно со Груев успеале да се извлечат неповредени и се упатиле кон најблиската горичка. Во шумот на пукотниците и во создадената бркотија околу отепаните, тие успеале во прво време да ја прикријат својата трага и да се оддалечат доста нагоре кон височинката. Но движењето им било отежнато извонредно многу од снегот под нозете им и од снежната вијулица над главите им. По нивните стапалки врз снегот потерата ги открила и почнала да стрела по нив.

Немало друг излез: Груев, кој и во последните свои часови требаше да биде врвно човечен, заостанува за да му помогне на својот ранет другар Карчев. И така, влечејќи се бавно и тешко по снегот, тој се свртувал повремено за да стрела на потерциите и да ги држи на растојание. Со последни сили тој се довлекува до врвот „Петлец", кадешто по краток и очаен отпор непријателскиот куршум го удира смртно. . ."

„Потоа потерциите го одвлекле трупот во селото, каде бил набрзо закопан. Подоцна, кога Турците ја установиле негивата самоличност, наредиле телото му да биде ископано и откако го снимиле внимателно, објавија свеченост насекаде во своето царство и во туѓина."

Како што се гледа, двата описа за смртта на Даме се разликуваат во некои детали. Според Скопаков Даме бил ранет уште во куќата на Алаџозов, а Бадев пишува дека тој неповреден се извлекол се до врвот „Петлец" а дека бил ранет Карчев. Потем, Скопаков изречно не вели дека загинувањето е резултат на предавство, туку дека повеќе се дилжи на небудноста на четниците.

Што се однесува до деталот за откопувањето на телата на загинатите четници, тој е докажан. Алфред Рапопорт во својата книга Au pays des martyrs (Paris, 1927) дава сигурно сведоштво за него. Имено, тој пишува дека по новата 1907 година во конзулатот кај него дошол еден Турчин, по наредба на валијата, за да му покаже една фотографија на некој мртовец. Во прашање била фотографијата на Даме Груев. Махмуд Шефкет Паша пред да ја испрати фотографијата во Цариград сакал да им ја покаже на конзулите. Рапопорт тогаш, врз основа на фотографијата, направил цртеж на мртовецот. Инаку, тој веќе бил запознат дека кај Русиново биле отепани на Божиќ тројца „комитаџии" (стр. 89).

## III.

Малешевската револуционерна народна песна *Низ Пешлец идаш шрима војводи* ја забележив во две варијанти. Првата варијанта е забележена од Мануил Г. Мачевски (дедо Манчо), земјоделец од селото Ратево, стар 72 години. Од него ја забележив и онаа спомената песна за Гоце Делчев, објавена во *Современосш*. Инаку, Мачевски е талентиран пеач. Некогаш и самиот бил комита. Песната *Низ Пешлец идаш шрима војводи*, тој ја научил од струмичанецот Мито Јорданов, со кого што бил војник од 1915—1918 година, што значи дека песната тогаш веќе се пеела. Дедо Манчо го памети загинувањето на Даме Груев. Тогаш бил овчар.

Еве ја неговата песна:

Низ Петлец идат трима војводи,
идат и питат за Русиново.
Првиот беше тој Дамјан Груев,
вториот беше Атанас Карчев,
третиот беше Сандо Китанов;
идат и теглат за Русиново.
Куга спаднаха во Русиново,
там и дочека Коле Чукаров.
Ка и дочека, они питаха
за чорбаџи Димо Алаџозов,

Алацозов прочут чорбација.
Куга четата ја разместиха,
војводите у Димо хојдоха.
Бог да убие наш'те ишпиони,
што предадоха славната чета,
славната чета, чујен војвода,
чујен војвода Дамјан Груев!
Турци дојдоха, село заградиха,
Турци дојдоха, село опсадиха.
Догледала и првата стража,
првата стража од бела скала,
па си сопшчава на војводата:
— Ајде војводо, ајде Дамјане,
Русиново здраво опсадено,
здраво опсадено од Турците.
Дамјан се спрема, хладно говори:
— Ајде другари, ајде четници,
дојде време борба ќе водиме,
борба ќе водиме в Русиново.
Дедо Димо вратата отвори,
ка врата отвори пушка пукна,
пушка пукна — Димо мртов падна!
Димо падна, бабата му рипна,
бабата рипна и мртва падна,
Дамјан се реши, пушката зема:
— Ај со мене, ништо не чекајте!
Борба се почна, село се дими,
село се дими, децата пискат,
децата пискат, мајките плачат;
четници излазат кој ка може,
четници излазат се спасават.
Ка пририпаја прво је паднал,
прво је паднал Сандо Китанов,
Сандо Китанов прва жртва бил.
Атанас Карчев напред си врви
и след него иде Дамјан Груев.
Дамјан ранија, на Карчев дума:
— Оди Атанасе, спасавај се!
Спасавајте се кој како знае!
Карчев му вели, вели говори:
— Крачка не тргвам јазе од тебе!
Карчев говори на Мирчо Чопов:
— Ти го знаеш, Мирчо, зборниот пункт,
не ме чекај, Дамјан не оставам
Куга четниците излегоха,
Дамјан и Атанас останаха,
двата останаха дор погинаха;
Турци и гонат, свето се памети!
Зачекала и онаја војска,
турската војска од Безгашчево.
И они не са могли да идат,
они са душа они оставили
на Трнков преслав при таја чешма.

Оваа песна на дедо Манчо, како што се гледа, дава прилично јасен поетско-епски опис на загинувањето на Даме Груев и неколцината негови блиски соборци. Личните и географските имиња во песната се наполно точни. Нов елемент е името на Мирчо Чопов. Манчо велеше дека Чопов бил писар

во четата на Даме Груев, но мене не ми е познато дали тој бил во придружбата на Груев. Ако тоа не е случај, тогаш неговото име во песната е внесено подоцна, веројатно од самиот дедо Манчо, зашто тој Чопова го познавал и од него ја научил спомнатата песна за Гоце Делчев, како што самиот тоа ми го кажа.

Инаку, ако се отфрлат поетските елементи од песната *Низ Пешлец идаш шрима војводи*, тогаш останува следниов костур на трагичниот настан:

прво, Даме Груев, Атанас Карчев и Сандо Китанов по пристигањето во Русиново се сместиле во куќата на Димо Алаѓозов а дел од четата во други куќи;

второ, поради предавство, Турците успеале да го опседнат селото, но ги забележала четничката стража.

трето, при обид за извлекување прво загинал Алаѓозов на прагот на својата куќа а Дамјан Груев бил ранет, додека Китанов загинал при прескакањето на оградата;

четврто, Даме Груев придружен од Атанас Карчев успеал да се повлече дури до Трнков преслав (на Петлец), каде што ги отепала турската војска од Безгашчево.

Споредбата на овие четири најважни епизоди од песната со спомнатите описи на Скопаков и Бадев покажува дека првата епизода кај сите се поклопува. Од втората епизода, предавството го споменува Бадев изречно, Скопаков го претполага а песната бара: „Бог да убие наште ишпиони!" Во третата епизода се поклопуваат загинувањата на Алаѓозов и Китанов, додека рanувањето на Даме го има само Скопаков и нашата песна. Четвртата епизода е скоро еднаква кај сите: Груев и Карчев загинале на Петлец. Војската од Безгашчево се спомнува кај Скопаков и во нашата песна. Впрочем, споредбата покажува дека описот на Скопаков и деталите од песната *Низ Пешлец идаш шрима војводи* се многу блиски или идентични.

Овие кратки споредби покажуваат исто така дека песната на дедо Манчо има прилично сигурна историска подлога. Создадена во крајот кадешто се случил настанот, можеби од некој учесник или очевидец, таа може да се прифати како драгоцено сведоштво за смртта на Даме Груев. Всушност, песната *Низ Пешлец идаш шрима војводи* има повеќе историја отколку поезија, како што мене ми се чини.

* * *

Во селото Русиново од 86 годишната талентирана народна пеачка Султана Д. Стојменска и нејзината ќерка Јанѓелина А. Стратовска (стара 53 години), што ја придружуваше својата мајка во пеењето, забележив повеќе песни. Меѓу нив се наоѓаат и две песни што се сврзани со загинувањето на Даме Груев и Сандо Китанов. Почетниот стих на првата песна гласи: *Низ Пешлец идаш шрима чешници*, а на втората песна: *Јоздола иде Пешре Кишанов*.

Песната на Султана Д. Стојменска *Низ Пешлец идаш шрима чешници* несомнено се однесува на загинувањето на тројцата војводи, иако во неа, нивните имиња воопшто не се споменуваат. Во прашање е кратка варијанта, соответна во својот почеток со песната на дедо Манчо, но сепак вонредно занимлива.

Таа гласи:

Низ Петлец идат трима четници
идат и питат за Русиново.
Па си ојдоа у Алаѓозо.
па си запија рујното вино,
рујното вино, лута ракија,
та се опија, та не знаеја,
та не знаеја накаде д'идат.
Та ги затече турскио аскер,
та ги затече, та ги истепа.

Кога ја распрашував баба Султана за потеклото на оваа песна, таа ми рече дека песната така се пеела и дека ја научила многу одамна, кога била на млади години. Султана го памети загинувањето на тројцата војводи. Султана е одлична пеачка и затоа не може да се претположи дека оваа нејзина песна е одломка на песната на дедо Манчо или од некоја друга песна. Фактот што песната е испеана чисто, во рамномерни десетерци (5+5) оди во прилог на ваквото мислење. Кога ја распрашував Султана кога, како и од кого ги учела своите песни, таа ми одговори: „Това е од сој". Имено, нејзината мајка била прочуена песнопојка а татко и гајдаџија.

Песната на Султана Д. Стојменска нема во себе никаква идеализација. Таа е јасна по својата содржина. Ако немало предавство, тогаш загинувањето на Даме Груев и неговите другари несомнено е резултат на небудноста на неговата придружба и селската организација. Впрочем, за небудноста зборува некако дискретно и Скопаков кога пишува: „Четата се расположила во куќата без да постави внатрешна стража" (стр. 38) и дека „четниците започнале да разговараат високо, при полуотворена врата, зјапната кон столбите. Некои си ги отпашале и патрондашите." (стр. 39).

Освен тоа, бидејќи настанот се случил на празник, би можело да се претположи дека барем некои од четниците се приклучиле кон празнувањето на своите домаќини и си допуштиле дури и да пијат. Инаку ,тешко е да се допушти една околиска чета со тројца искусни војводи да не можела да се пресмета со само двајца односно четворица Турци, туку овие успеале да ја задржат четата до доаѓањето на турската војска. Во секој случај, ако оваа песна има своја оправданост, тогаш таа е показ за реалистичкиот усет на народот.

## IV.

Во непосредна врска со песната *Низ Пешлец идаш шрима војводи*, односно со загинувањето на Сандо Китанов е песната *Оздола иде Пешре Кишанов*. Оваа песна е пораширена во Малешевијата од првата песна, можеби и затоа што личноста на Сандо Китанов им била поблиска на малешевците: тој им бил околиски војвода. Неколкуте забележени варијанти не се разликуваат помеѓу себе.

Русиновската варијанта на воаа песна, забележана од Султана Стојменска и нејзината ќерка Јанѓелина Стратовска гласи:

Јоздола иде Петре Китанов,
иде и пита за Русиново:
— Де Русиново, де Сандов гроб?
На грбо носи црни ми крви,
на рамо носи тенка малихера.
на грб му стои бела книга:
— Не бој се, Сандо, не бој се, брату!
Ти не си умрел за своја печалба,
тизе си умрел за слободата,
за слободата и за народо!

Во селото Владимирово (соседно на Русиново) од пеачките Васа Г. Ичоска (48 годишна) и Љуба Г. Созовска (53 годишна) ја забележив следнава варијанта на истата песна:

Оздола иде Петре Ќитанов,
иде и мине през Владимирово
и пита, пита за Русиново:
— Дека је, дека село Русиново?
Тамо је, тамо, на Санде гробо,
на Санде гробо и на Дамјан Груев!

Третата варијанта е исто така од Владимирово. Ја забележив од Михаил Алачки:

Оздола иде Петре Китанов,
пред него носи братово дете,
право иде за Владимирово.
— Ој вие браќа, браќа владимирци,
дека е, браќа, село Русиново?
Таму е, браќа, гробо на брат ми,
гробо на брат ми Сандо Китанов,
на Сандо Китанов, на Дамјан Груев,
на Дамјан Груев, на Ѓорѓи поп Стојменски!

Оваа песна, какошто мене ми се чини, е инспирирана од посетата на Петре Китанов на гробот на својот загинат брат и речта што тој ја одржал пред насобраните селани на гробот. „Белата книга" од првата варијанта укажува на тоа, та дури и Султана Стојменска при пеењето го употреби, во еден момент, зборот „чита" на крајот на шестиот стих.

* * *

Во македонската народна поезија за Даме Груев има мал број песни, а песни за неговата смрт досега воопшто не биле познати. Забележените во 1963 година малешевски песни, што овде за првпат се објавуваат, засега се единствени, затоа: нивната вредност уште повеќе се зголемува. Истовремено, овие песни се добар пример за тоа дека народната поетска традиција, во извесни случаи и под одредени услови, може да послужи и како документ за расветлување на недоволно документираните историски настани.